## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Првото продолжение на Четириесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата има доволен број на присутни пратеници, според тоа почнуваме со работа.

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 49-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Данаил Дончев, Теута Арифи, Али Ахмети, Фазли Велију, Хади Незири, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, зашто ќе гласаме.

Почекајте малку сега влегуваат пратениците.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата зошто ќе гласаме.

Уште еднаш ги повикувам претниците кои не се во салата да влезат во салата зошто ќе гласаме.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 56, сите 56 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника, гласале 53, 52 гласале за, 1 гласал воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по Предлогот за претресот по законот.

Претниците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов поднесоа амандмани за бришење на член 3, член 5 во новиот член 13-а, став 4 член 7 во новиот член 37-а став 5 и на член 8 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандмани на член 3 за додавање нов став 5 по ставот 4 и на член 5 во новиот член 13-а за менување на став 4 по кој Владата не се произнела.

Отоврам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Кире Спанџов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни,

Амандманот се однесува на бришење на членот 3 од добиениот Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат.

Целиот член 3 јас би сакала да го прочитам заради јавноста кој претставува дополнување на постоечкиот закон и предвидување на комисија за полагање на пазарните инспектори односно проверка на нивното знаење. Во членот 12 по став 3 се додаваат 7 нови става, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 кои гласат: Проверката на знаењето на инспекторот за самостојно извршување на инспекцискиот надзор се спроведува преку полагање на испит за проверка на знаењето, според програма за проверка на знаењето што на предлог на директорот ја донесува министерот. Со испитот се утврдува дали инспекторот поседува стручни знаења за самостојно извршување на инспекциски надзор.

Испитот за проверка на знаењето го спроведува Комисија за проверка на стручните знаења на инспекторот, која ја формира министерот, во натамошниот текст, испитна комисија. Испитната комисија брои 5 члена со мандат од 3 години. Испитната комисија е составена од по еден раководен државен службеник во Министерството за економија и Министерството за правда, два раководни државни службеници од Инспекторатот и еден член од високообразовна научна инстутуција поврзана со надлежностите на Инспекторатот, сите со најмалку 5 години работно искуство во својата област.

Во зависност од потребата, Комисијата може да биде составена и од раководни државни службеници и од другите министерства. Два

члена на испитната комисија треба да се дипломирани правници. Претседателот на Испитната комисија е од редот на државните службеници во Инспекторатот. Испитната комисија за својата работа донесува деловник. На членовите на Испитната комисија им следува надомест, што го определува министерот. Ова е новина во овој закон за Државен пазарен инспекторат и ние предлагаме, целиот член 3 да се брише. Зошто?

Прво, поради тоа што пазарните инспектори се воедно државни службеници, односно имаат статус на државни службеници и како такви, согласно законот имаат положено, после полагањето, после завршувањето на приправничкиот стаж, стручен испит, кој го организира Агенцијата за државни службеници. При полагањето на овој испит се проверува нивното знаење.

Понатаму, секоја година државните службеници, согласно законот до 31.03, треба да бидат оценети од нивниот раководител.

Значи, ова би било дупло или второ оценување.

Во излагањето по текстот на законот, претставникот од Министерството за економија, односно заменик министерот образложуваше дека пазарните инспектори требало да познаваат 20-тина закони и таа проблематика дел од нив ја владееле и ги следеле промените на законите, дел од нив не. На овој начин ќе се проверувале секоја година знаењата на пазарните инспектори. Ова е безмалку речено смешно, односно, проверка на знаењата на пазарните инспектори, дали тоа значи дека ќе следуваат закони во кои ќе бидат обврзани судиите да се проверуваат нивните знаења еднаш годишно, дали тие ги следат законските прописи, или адвокатите, или нотарите. Сите професии работат према некои закони. Какво е тоа образложение не ги следат законите и ние ќе ги провериваме.

Второ, овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат, го носи знакчето на Европската унија, односно значи претставува усогласување со европското законодавство.

Меѓутоа, за овој член се сомневам дека е согласно европското законодавство, бидејќи предлагачот, Министерството за економија воопшто ни нема доставено табела за усогласување.

Трето, вака предложениот член, после сите случувања од овие 10, 11 месеци во Република Македонија ме водат неизбежно кон констатацијата дека полагањето и проверката на знаењето на пазарните инспектори, има само една единствена цел. Тоа е повторно партизација на оваа дејност, односно партизација на пазарните инспектори. Зошто?

Гледаме што се случува во државата. Што се случуваше во евроинтеграции. Јас вчера дискутирав овде штго се случува во еден управен одбор, одбор на водокорисници во Хидросистемот Брегалница, каде легално избраните органи по жалби на второстепена комисија се поништуваат, само и само партиски војници, претставници на владеачкото мнозинство најчесто на ВМРО-ДПМНЕ да бидат предложени и да ги претставуваат водокорисниците. Гледаме што се случува во царината. На огласот за вработување на нови царински службеници, сите што имале факултет за царина се одбиени, бидејќи не биле припадници на владеачкото мнозинство. Гледаме што се случува во сите пори на нашата држава и токму поради тоа се сомневам дека воведувањето на оваа новина, воведувањето на испит за проверка на знаењето на пазарните инспектори без никакво образложение, логично образложение кое “пие вода” ќе претставува само уште еден обид на актуелната власт за елиминација на партиски непожелните пазарни инспектори за чистење на пазарната инспекција со послушни партиски војници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е 13, 58 минути, давам пауза до 15,00 часот. Ќе продолжиме каде што застанавме.

За збор се јави господин Ацо Киров.

(Пауза од 13,58 часот).
(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со работа.
Продолжуваме со претресот по амандманот.

Има збор пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Се јавувам да го поддржам амандманот поднесен од моите колеги од СДС. Нема да должам многу. Но, без разлика дали ќе должам или нема да должам, сепак мислам дека Собранието ќе треба малку да почека за кворум, бидејќи после се преоѓа на гласање.

И вчера зборував за Предлогот на закон за пазарен инспекторат, а пред некој ден на Комисијата го кажав мојот став. Се јавувам да дадам поддршка на овој амандман на моите колеги. Во моето кажување истакнав дека со членот 3, не го прифаќам членот 3 од причини што имаме испитна комисија што на некој начин ќе врши проверка на знаењето на пазарните инспектори.

Да не се повторувам со колешката пред малку која зборуваше, дека може да дојде до малверзации односно несоодветно оценување на одредени инспектори кои, како што кажа колешката, се партиски неподобни. Затоа го поднесовме амандманот за укинување на членот 3 од причини да не дојде до реваншизам и од причини што уште еднаш ќе ги спомнам дека државните службеници пазарни инспектори, како дел од оние кои треба да бидат подложени на испитување, полагање на испитот, се незадоволни бидејќи сметаат дека се класифицирани односно одделени од другите инспектори во други области.

Во однос на членот 3, Комисијата што е формирана од 5 члена со мандат од 3 години, да

не се повторувам, мислам дека поголем дел од членовите би требале да бидат од редот на државни службеници од сферата на економијата. Овде имаме од Министерството за правда, од Инспекторатот, од една високообразовна институција.

Мојата поддршка на амандманот е да се укине овој член 3, затоа што сметаме дека ќе дојде до одредени, можеби, еве во наводници да кажам, партиски симнувања од листата на инспектори како неподобни и од причини што се како посебна група, одделени од другите инспектори од другите сфери на министерствата.

Затоа, толку околу овој амандман и еве, пак ќе почекаме 10 минути додека го гласаме овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин заменик, почитувани колеги,

Мислам дека во текот на вчерашниот ден во расправата по текстот на законот укажавме на одредени грешки во овој закон, што со измените и дополнувањата на Законот за државниот пазарен инспекторат, но и во текот на вчерашниот ден најавивме дека ќе бараме поддршка од владеачкото мнозинство да се прифатат дел од амандманите што се од битно значење за подобрување на Законот за пазарна инспекција. Исто така и за поуспешно спроведување, односно имплементирање на законите што ги опфаќа Државниот пазарен инспекторат.

Во што се состои нашиот амандман? Амандманот се состои во тоа што во членот 3, тотално целиот да се избрише. Само за потсетување, во членот 3 се предвидува проверка на знаење на државните инспектори. Програма, во која што според програмата наведена за проверка на знаењето, ја предлага директорот, а ја донесува министерот.

Првата забелешка е таа што ја донесува министерот на предлог на директорот. Треба да полагаат државни службеници. Затоа, предлагаме да се брише. Како може директорот, менлива функција, на Државниот пазарен инспекторат, кој е именуван на Влада, може да не е државен службеник? Според тоа, државниот службеник треба да полага по програма што ја предлага некој си кој може и во текот на самиот чин на полагање да биде разрешен на Влада и да нема никаков удел веќе во сето тоа.

Исто така, испитната комисија да брои 5 члена, со мандат од три години. Прво, составот на испитната комисија може да биде исклучиво од правници. Дали само правниците се компетентни за полагање на стручен испит, односно на испитот за пазарна инспекција, од кои што вели, по еден раководен државен службеник од Министерството за економија и Министерството за правда, двајца државни службеници од Инспекторатот и еден член од високо образовна научна институција поврзана со надлежностите на инспекторатот. Јас не знам која е таа високо образовна научна институција поврзани со надлежности на Инспекторатот.

Во претпоследниот пасус вели два члена од испитната комисија треба да бидат дипломирани правници. Што правиме ако имаме 5 дипломирани правници. Државниот пазарен инспекторат не се занимава само со правни работи. Тука имаме и економисти. Дали не треба да биде и еден економист? Дали не треба да биде некој кој е задолжен за квалитетот на производите. Затоа сметам дека овој член не кореспондира со реалноста за работата на Државниот пазарен инспекторат.

На крајот на членовите на испитната комисија им следува надоместок што го определува министерот. Зошто надоместок? Затоа што ги проверуваат нивните колеги, ако се двајца од инспекторатот? Каj е колегијалноста во една установа. Едниот ќе ги испитува и за тоа ќе земе пари, а другите ќе одат по жица, а имаат исти ранг на образование, имаат ист број на бодови према Агенцијата за државни службеници а сега тука едниот ќе биде пет скалила пред други.

Затоа почитуван господин заменик министер пренесете го ова и до министерката, пренесете го и до Владата. Ова со овие работи ќе се менуваат секои три години. Како ќе дојде нова власт, нова гарнитура, така ќе дојдат до проблеми во Државниот пазарен инспекторат. Проблеми зборувам затоа што функциите односно државните службеници, пазарните инспектори се деполитизирани.

Меѓутоа, секој што ќе биде на тапет и што има некој си каприц према некого ако е ставен во таа испитна комисија верувајте дека ќе има проблеми тој човек. И може да биде еден од најдобрите инспектори и да не може да дојде неговото знаење и стручност да исплива на површина. Затоа предлагаме и на мнозинството во Парламентот да го прифатат нашиот амандман со кој што на инспекторите ќе им се даде полно право и слобода во извршувањето на нивните работни задачи. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник, господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министре,

Како еден од предлагачите на амандманот би сакал да ја дадам својата поддршка и да апелирам до колегите пратеници истиот да го поддржат, односно да го изгласаат и да не дозволат една новина што ан блок се предлага од страна на Министерството, да помине. Бидејќи сметаме дека ваквата одредба или проблематика што се регулира со членот 3 само ќе внесе повеќе забуни отколку нешто да придонесе во подобрување на квалитетот на работење на Државниот пазарен инспекторат.

Предлагачот, Министерството предлага да се воведе испитна комисија што би вршела проверка на знаењето на државните пазарни инспектори, а притоа не образложува која е причината да се врши токму оваа проверка и дали до сега, за ова кратко време, додека е ова Министерство, констатирале потреба од такво нешто? Односно, дали навистина има потреба да се врши проверка на знаењето на државните пазарни инспектори ако се има предвид дека некои од нив долго време ја вршат својата работа, ги следат законските прописи врз основа на кои ја извршуваат својата активност. Мислам дека ова им било само дополнително оптоварување или ограничување за поефикасно вршење на нивната работа.

Ако Министерството цени дека има потреба од подобрување на квалитетот на работата на Државниот пазарен инспекторат, нека ги зајакне механизмите на контрола на државните пазарни инспектори, во смисла на тоа како ја вршат својата работа, дали совесно, одговорно, стручно, професионално, некорумптивно итн. А вака, само со проверка на знаењето, не го гледам ефектот, освен тоа што ќе формирате една комисија што веројатно ќе биде од ваши партиски кадри, ќе има потреба да земаат уште некои средства плус, а не би имало ефект во подобрување на квалитетот на работа на Државниот пазарен инспекторат. Затоа мислам дека е погрешно решението што се предлага, со цел да се подобри работата, но очигледно како доаѓаат некои закони, само се предвидуваат некои посебни комисии, некои посебни тела што ќе вршат дополнителни работи. Како поминува времето, тоа го сфаќам како потреба некои луѓе плус да им се зголеми приходот што го добиваат, па изразувам јавно сомневање дека тие ќе бидат, пред се, од редот на партиите од владеачкото мнозинство. Бидејќи, ако е целта да се подобри квалитет на работа на Државниот пазарен инспекторат, кажав, ќе ја зајакнете контролата по други основи. Да има некоја внатрешна, интерна контроло, што директно ќе ги проверува инспекторите како си ја вршат работата. Вака, мислам дека само внесувате една забуна.

Исто така, мислам дека, согласно членот 136 од Деловникот на Собранието е предвидено дека во образложението мора да стои и износот на финансиските средства потребни за спроведување на законот, начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за некои субјекти. Во овој случај, дали повлекува материјални обврски за државните пазарни инспектори. Би го замолил заменик министерот да објасни дали тие ќе бидат подлежни да плаќаат, да ни каже колку финансиски средства ќе бидат потребни, бидејќи согласно Деловникот има обврска тоа да го направи. Еве, гледаме дека од Буџетот се обезбедени. Но, бидејќи ќе примаат надомест, Комисијата, би сакале да знаеме колкави се тие финансиски средства и колку државата ќе ја чини оваа екскурзија што ја прави Министерството за економија, формирајќи комисија од која што не гледам некоја посебна потреба, освен, како што кажав, поради партиски причини. Не гледам дали ќе се подобри квалитетот, бидејќи кажав, ако сакаат да го подобрат квалитетот, треба да ја зајакнат внатрешната контрола во рамките на Државниот пазарен инспекторат.

Од тие причини, како пратеничка група, сметаме дека нема потреба од носење на вакво законско решение. Апелираме до колегите пратеници, но за жал многу малку се тие тука и многу малку ќе го поддржат, ќе дадат поддршка на амандманот, но бидејќи само ќе внесе забуна ова или ќе внесе една дополнителна нервоза кај државните пазарни инспектори, плашејќи се од лични конфронтации со некого од Комисијата, од партиски реваншизми итн, мислам дека непотребно ќе се трошат парите на граѓаните.

Би замолил, ако може заменикот министер да одговори на прашањата што ги поставив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Колега Серафимов, вие баравте реплика или се јавивте за збор?

За збор.

Има збор пратеник господин Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Доколку може и јас да кажам 2-3 зборови во однос на овој член 3 од Предлогот, бидејќи сакав да нагласам и да разјаснам едно прашање.

Се говори за можноста да во иднина, нормално доколку се усвои или донесе овој Предлог на закон, како што е предложен, да се формира комисија при Министерството за економија, што ќе ги проценува знаењата на инспекторите или испита. Ќе повторам уште еднаш, ќе ги проценува знаењата, комисија што ќе ги проценува познавањата на другите државни службеници за добивање статус инспектор.

Ова го нагласувам, затоа што и самиот сум републички инспектор 7 години, за јавни приходи и знам низ каква процедура или постапка сум дошол до тоа знање. Ниту еден закон, ниту еден што го уредува прашањето на инспекциите, било за заштита на работа, или санитарниот инспектор или даночен инспектор, не предвидува таква можност, освен нормално овие измени што се предлагаат сега и во овој контекст, правејќи аналогија со другите закони од областа што е приближно иста, уредуваат материја што е приближно иста или слична, ценам дека еден таков начин на верификација на познавањата на актуелните инспектори, можеби ќе беше нешто непотребно.

Сепак, анализирајќи го текстот што е предложен, сум дошол до една поинаква констатација што доколку актуелниот инспектор, кој е нормално пред комисијата или од страна на комисијата се процени дека е негативно неговото знаење, што

ќе се направи со тој инспектор? Нешто, за што нема решени во предложениот текст.

Јас нема да се впуштам во тоа дали овој член е во спротивност со Законот за државни службеници, кога се има предвид дека Законот за државни службеници во начело се смета како лекс генералис или општ закон и сите други специјални закони во начело, треба да бидат во согласност со одредбите од овој закон.

Ова го велам затоа што и во образложениетo на овој амандман над се се нагласува дека државните инспектори имаат третман на државен службеник. За да се стекне овој статус, нормално треба да помине процедура, треба да положат одредени испити и т.н. Дали е или не е, ќе ми дозволите во врска со овој член да цитирам или да го изнесам моето мислење само во однос на ставот 4 каде што се предвидува можноста секој член на Комисијата, до колку се формира односно помине овој текст, да биде претставник на високи институции, како што се вели во текстот на овој член, значи претставници кои што се надлежности на инспектори. Колку што ми е познато,пазарните инспектори имаат серија надлежности и компетентности кои што се поврзани со неколку области, економската област или пазарното право, правото на работа, правото на финансии. Според тоа, јас се согласувам дека има уште еден друг став, а не само овој кој што е конфузен и затоа мислам дека ќе биде добро до колку не се прифати овој амандман, а предлагачот на овој закон да интервенира и да ја разјасни оваа дилема. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседател, повторно се јавувам за збор. Ќе бидам краток, се со една единствена цел ако можам да го убедам владеачкото мнозинство да го прифати нашиот амандман, затоа што според една група на луѓе, односно спрема државните пазарни инспектори ќе се направи една неправда во однос на сите други инспекциски органи во Република Македонија. Знаеме дека државните пазарни инспектори се државни службеници. Државните службеници според Законот за државните службеници го оценуваат непосредните раководители. Дали овие луѓе, овие државни државни инспектори ќе бидат оценувани два пати, еднаш од Комисијата и еднаш од непсоредните раководители, затоа што во Закјонот за државни службеници децидно стои дека доколку еден државен службеник добие во континуитет два пати слаби оценки автоматски му престанува работнито однос. Што ќе се случи, почитуван господин заменик министер до колку инспекторот ги положи овие испити, а од непсоредниот раководител добие две незадоволителни оцени непосредно, последователно-ќе го загуби работниот статус. Како ќе псотапи во тој случај Комисијата и што ќе биде со државниот пазарен инспектор. Мислам дека на овие прашања немате одговор, мислам дека законоте напишан за да се задоволат нечии лични апетити и затоа сметам дека овој амандман треба да го подржиме, заради тоа што човекот може да има не знам какво знаење теоретски, а практично на терен да не влезе во ни еден објект и ќе добие незадоволителна оценка. Ќе оди на Комисија, ќе положи и што правиме, што ќе се случи со тој човек?

Ставот 4 не сакав да го елаборирам толку, но тука ако земеме еден инспектор за квалитет на храна, ќе го смените квлаитетот на производи, ќе донесете член на Комисијата од Технолошки факултет. Тогаш Комисијата ќе брои 10 члена. Или како ќе полагаат инспекторите, така ќе ги менувате членовите на Комисијата.

Затоа, апелирам уште еднаш овој член или членот 3 да се брише се со цел да имаме подобри услови за работа на државните пазарни инспектори. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика, пратеник господин Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Јас се вклучувам во оваа дискусија, односно во оваа реплика од едноставна причина што сметам дека предлагачите на амандманот, подржувачите на амандманот, не се во право од многу едноставна причина, заради тоа што тоа што до сега било не смееме да дозволиме и понатаму да биде. Знаеме кој се можеше да биде пазарен инспектор, знаеме со кои капацитети и како ги извршуваа работите, знаеме во која состојба се наоѓаше целокупното стопанство односно контрола. Тоа го имаме почувствувано на своја сопствена кожа, а тоа го кажаа и претходните дискутанти, заради тоа што самите кажаа дека биле или републички инспектори или општински инспектори, значи работеле онака како што им налагале да работат.

Овој Предлог на закон се дава за да се провери неговата стручност, да се види дали може некој правник да ги задоволува потребите на пазарот, дали може да биде некој земјоделски инженер пазарен инспектор, заради тоа што ќе се сретнува со дејности од многу други области. Да се разбереме, едно е полагањето за државен службеник и никој тоа не го оспорува, тој може да биде перфектен државен службеник , меѓутоа може да биде лош пазарен инспектор. Ние се трудиме да имаме еднакво право, да имаме правда во секој дел од контролата во вршењето на инспекцискиот надзор и заради тоа е потребно да имаме стручни лица, стручни инспектори кои стручно Ќе ја извршуваат својата работа. Токму заради тоа јас сумпротив овој амандман и предлагам на колегите да го повлечат овој амандман, заради тоа што сметам дека со тоа ќе се придонесе за поквалитетно решение во овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин Димитровски, јас мислам дека тотално не сте во право, бидејки прво и основно земјоделски инженер не може да биде пазарен инспектор-дали може или не, тука е Законот, тоа е друга работа, меѓутоа, би сакал да нагласам една друга работа. Досегашните државни службеници дали сите го полагаа испитот за државен службеник. Станаа поклуч државни службениси и тие луѓе веќе еднаш се оценувани, сега е втора година што треба да се оценуваат. Како ќе полагаат испит луѓето што може да ги знаат законските одредби 100% меѓутоа, практично да не излезат ни еден ден на терен. Тоа е проблемот во имплементацијата на законот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Се откажувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците што се надвор од салата да влезат, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а колегите рпатеници да ги заземат своите места.

(Во салата нема кворум за гласање).

Ги замолувам уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да влезат бидјеки ќе пристапиме кон гласање.

(Потпретседателот повеќе пати ги повикуваше пратениците да влезат во салата).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата има 63 пратеници, ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници присутни во салата гласале 60 пратеници, 13 пратеници гласале за, 2 се воздржале од гласањето и 45 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Кире Спанџов:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** За истиот член до сега зборувавме и мислам дека е кажано се што треба да се каже. Искрено се надевам дека можеби Владата ќе има раазбирање но во консултации со претставниците на Владата добив образложение во однос на Комисијата дека и до сега и во иднина ќе бидат консултирани стручни лица или експерти од областите за кои станува збор, па според тоа амандманот го повлекувам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 13-а став 4, поднесен од пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Кире Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 13-а за менување на став 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Кире Спанџов:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот члне 37-а став 5, поднесен од претениците, Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Кире Спанџов:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека овој амандман се однесува на членот 13-а во кој што...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам во членот 7, во новиот член 37-а, став 5, за тој амандман отворивме претрес колега.

**Влатко Серафимов:** Владата го прифати.

**Иван Анастасовски:** Во членот 5 во новиот член 13-а тој амандман го прифати Владата.

Сега отворивме претрес по членот 7, во новиот член 37-а, став 5. За тој амандман отворивме расправа.

Повелете, имате збор како предлагач.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, овој амандман е поднесен по

членот 37-а во ставот 5, во кој што и во амандманот и во законот стои дека: “кога сторителот на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службеното, односно одговорното лице во правното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор, или друго службено лице, или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог”.

Јас мислам дека овие зборови: “изјавило дека” треба да бидат заменети со “лице овластено од раководителот”.

Мислам дека амандманот се однесува повеќе технички, отколку што е суштински, затоа што секој може да се јави дека мене газдата ме овластил, да изјави дека може да потпишува записник, а фактички, може да биде и странка во објектот.

Затоа, треба да има овластување од раководителот односно треба да има одобрение дека може да потпишува од страна на раководителот на објектот, или на просторот во кој што се врши контрола. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата, гласале 58, од кои 12 гласале за, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Кире Спанџов:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е усогласен со Законот за прекршоци.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Од името на предлагачите на амандманот, го повлекуваме истиот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците кои излегоа од салата да се вратат,бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Службите би ги замолил да го утврдиме точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника во салата, гласале 58, од кои 48 гласале за, 9 се воздржале од гласање, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за земјоделство и рурален развој**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Пред да отворам претрес, би замолил да го обезбедиме претставникот на Министерството да биде присутен овде во салата. Или во случај да е надвор од салата, да влезе во салата да продолжиме со работа.

Бидејќи претресот е отворен, дали вие ќе земете воведен збор. (Да)

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе,

Во процесот пред пристапувањето на Европската унија, земјоделството и безбедност на храната, претставуваат најтешко и најсложено поглавје во преговарачкиот процес, во кој преговорите траат најдолго.

Со давањето на правна рамка за уредување на овој сектор и нејзино оспособување за поинтезивен развој на Секторот, претставуваат приоритети на Владата на Република Македонија и на државата во целина. Со донесувањето на законот се создаваат услови за реализација на овие приоритети.

Донесувањето на Законот за земјоделство и рурален развој, како најзначаен правен акт во земјоделството, претставува и појдовна основа за реформите и фундамент за развој не само на секторот, туку и на македонската економија во целина.

Законот ќе биде промотор на сите реформи во политиката и институциите во земјоделско прехрабениот сектор и руралните подрачја, а особено преземање на сите мерки поврзани со прехранбениот сектор и нивно спроведување Министерството е дефинирано како носител на правата и одговорностите и е единствен орган надлежен за земјоделството, храната и руралниот развој.

По прецизно е дефиниран надзорот врз безбедноста на храната, реформи на аграрната политика, која ќе се води и дефинра во националната стратегија за земјоделство и рурален развој што ќе ја усвојува Собранието на Република Македонија и која претставува документ со облигационен карактер од каде Владата и надлежните органи ќе предлагаат

конкретни мерки и програми за реализација. Реформите во начинот на организацијата на директните плаќања, во согласност со можностите на македонската економија, но и со дефинирање на носители на правата се јасни услови кои треба да се исплнат за одобрување на средствата. Спроведување на мерките на претпристапната помош на Европската унија и подготовка за спровдување на мерките на заедничката земјоделска политика на самата Европската унија.

Со законот, на единствен начин се уредуваат дефинирањето на минимум квалитет и ознаки на земјоделско прехранбените производи, заштита на потрошувачите, како и органите и инструментите за контрола.

Воведување на мерки за рурален развој, наменети за зголемување на конкурентната способеност на производителите, подобрување на условите за живеење, пропишување и сдавање на приходи од дополнителна дејснот, подршка на заштитата на природата и еколошки аспекти на производството. Јасно дефинирани услови и принципи за финансирање на мерките во земјоделството преку јавни установи, напуштање на програмското финансирање и уредување согласно условите за пазарни услови и заедничката политика на Европската унија.

Покрај другото, мислењето на Европската унија, во однос на кандидатурата на Република Македонија за членство во Европската унија ги лоцира пунктовите во кои треба да се направат реформи и да се подобри состојбата во областа на земјоделието и руралниот развој.

При тоа, особено е потенцирана потребата од уредување на односите на пазарот и цените, јакнење на институциите за руралниот развој и органите за креирање и спроведување на мерки на аграрна полтика. Решавање на проблемите со Катастерот за земјоделското земјиште, како и контрола на лабораториите и слично.

Предлогот за донесување на закон за земјоделство и рурален развој, содржи деловник и тоа, во првиот дел општи одредби, вториот дел планирање на развојот земјоделскиот и руралниот развој. Се регулираат актите кои ги носи Владата и Собранието на Република Македонија заради планирање на развој на земјоделско руралниот развој, меѓудругото и национална стратегија за рурален развој.

Во делот три, се опишани мерките на земјоделската политика и политиката руралниот развој подетално.

Во делот четири е државната помош во земјоделството.

Во делот пет, дополнителните дејности. Таму е дефинирано што претставува дополнителна дејност на земјоделското стопанство, кој може да биде нејзин носител и на кој начин се добива одобрение за вршење на утврдената дејност.

Во делот шест, квалитетот и ознаките на земјоделските производи. Уредени се минималниот квалитет на земјоделските производи, како и тоа, кои се земјоделски производи со повисок квалитет.

Во овој дел се уредени ознаките за органски земјоделски производи, интегрални замјоделски производи, а дефинирани се и земјоделски производи со гарантирана традиционална посебност.

Во делот седум, е прометот со земјоделски производи се уредува продажбата на земјоделски производи, производи од семејно земјоделско стопанство, со посебен осврт на условите и квалитетот кој треба да го исполнуваат земјоделските производи, за да бидат одобрени и подобни за пуштање во промет.

Во делот осум, земјоделската и селската механизација и опрема.

Во делот девет, форми на здружувања. Тука се уредуваат формите на доброволно здружување на производителите на земјоделски производи кои ќе бидат подржувани, а заради остварување на целите на земјоделската политика и политиката на руралниот развој.

Во делот десет, се јавните услуги во земјоделството.

Во делот единаесет ЗИС-от, или земјоделскиот инфорамативен центар, уредени се потреби и цели за воспоставување на земјоделско информативниот систем за потребите за дефинирање и спроведување на ефикасна земјоделска политика и политиката на рурален развој, како и за обезбедување на податоци за потребите на Министерството, субјектите и Европската комисија.

Во делот дванаесет е надзорот и останатите се прекршочни одредби, преодни и завршни одредби. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министер.

Има збор пратеник господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер овој Предлог закон за земјделство и руралниот развој е доста важен, како што беше пред некој ден и за земјоделското земјиште, со тоа што имаме и минатиот пат доста дискутанти кои зборуваа.

**Иван Анастасовски:** Колеги ќе ве молам да се сослушаме. Кој мисли дека треба да излезе во моментот, тоа нека го направи. Ние да продолжиме со дебатата. Продолжете колега.

**Ацо Киров:** Значи како што реков пред некој ден кога дискутиравме за Законот за земјоделско земјиште, кога имаше доста дискутанти, односно колеги пратеници кои дискутираа по овој закон и денеска имаме пријавени за дискусија. Тоа значи дека овој Предлог закон е доста важен за земјоделството и развој на руралните средини.

Инаку, најголемиот дел од средствата кои после доделувањето на кандидатурата за членство во Европската унија ќе и бидат достапни на

Македонија, ќе бидат токму во сферата на земјоделието.

Значи, со добивањето на кандидатскиот статус и ние како и некои земји во соседството, земји кои што беа примени во Европската унија, како Полска, Бугарија итн, ќе треба да искористиме еден голем дел на финансиски средства од Европската унија.

Финансиските средства не се, како што знеме од Европската унија, поголемиот дел ќе бидат од таму, но во земјоделието и руралниот развој ќе имаме како што знаеме парични средства, финансиски средства и од Буџетот на Република Македонија.

Со овој Предлог закон, како што гледаме, ние пратениците од СДСМ, односно од опозицијата, многу пати реагиравме околу надлежностите односно околу институциите кои што ги донесуваат актите, законите. Исто и во овој Предлог закон имаме, како и во претходниот Предлог закон каде што беше доделување на земјоделското земјиште каде што беше назначен директорот, односно на предлог на министерот за земјоделие, го определува Владата и после кога ќе дојде редот ќе кажам за Советот за земјоделие и рурален развој, дека и овој Совет е формиран од Владата на Република Македонија.

Значи, со овој Предлог закон кој што го има прочитано, кој што го има разгледано, само пред да продолжам понатаму, би сакал да кажам околу членот 2 каде што се назначени поимите.

Јас само во поминување би го поставил прашањето до министерот каде се овде пасиштата и рибарството. Што е со нив, зошто не се спомнати, зошто ги нема овде, дали има нешто планирано друго со нив, друг Предлог закон итн.

Значи, во овој член 2 каде се определени поимите, би сакал да добијам одговор од министерот, што со пасиштата и рибарството, кои што според мене би требало да бидат во овој Предлог закон, бидејќи и тие се од сферата на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Значи со овој Предлог закон го планираме развојот на земјоделството и руралниот развој.

Најпрво, Владата на Република Македонија донесува национална стратегија за земјоделието и руралниот развој, која се однесува за периодот од 10 години.

Веднаш на почетокот би кажал, не знам дали министерот би се согласил со мене дека овој период од 10 години за Националната стратегија што ја донесува Владата на Република Македонија е многу долг период. Односно, можеби не многу, но сепак е долг што, според мое размислување треба да се скрати на помалку години. Со тоа, согласно Националната стратегија, пак на предлог на Владата, донесува Национална програма за развој на земјоделието на Национална програма за рурален развој за период од 5 години. Овие национални програми и стратегии, главната поента би била, според мене, дека треба и Националната стратегија да има има и пократок рок, од 6-7 години, а Национална програма за рурален развој и земјоделието, за период од 3 години.

Понатаму, со акти на Владата се донесуваат акти за спроведување на политиката за уредување на пазарите, на земјоделските примарни и преработувачки производи и рурален развој. Во членот 7 би сакал да кажам дека овде Владата ги определува, уредување на пазарите на земјоделските производи и мое размислување е дали би требало тие пазари на уредување на пазарите на земјоделските производи да биде Владата. Тоа е мојата дилема околу овој член.

Сепак, мислам дека за тоа Владата не би требала да биде пак, тоа што го кажав пред малку, дека се се врти околу Владата и околу назначување и донесување акти, под акти итн. се Владата, Владата или евентуално на предлог на министерот за земјоделие, пак Владата донесува одредени акти, односно закони.

Околу руралниот развој, во Предлогот на законот, знаеме дека сме земја каде треба развивање во помалите општини, населени места кои се во иселување или не се развиени, тешко достапни итн, добро е што се предвидува вложување во овие средини.

Во членот 8, пак Владата одлучува за руралните мерки и развојот, начинот, финансирањето на тие мерки, начин и постапка на следење на реализација и оценки на успешноста на мерките од програмта итн. Овде, тука не би кажувал нешто повеќе, бидејќи мислам дека така треба да биде.

За членот 9 само би сакал да кажам дека средствата, во мојот говор пак доаѓам до тоа што на почетокот го кажав, дека се се врти околу Владата. Агенцијата што е дадена во овој член, за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој, има една недела, донесовме и го поддржавме националниот координатор и директорот на оваа Агенција, кого пак го избира Владата. Пак се сведува на тоа што јас го кажував. Средствата што треба да се исплаќаат, пак одат преку оваа Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Тоа е мое размислување околу овие средства што се доделуваат, не знам министре дали се однесува на средствата што ќе бидат од Европската унија или на средсва од Буџетот на Република Македонија. Ако се работи за средствата од Европската унија, дали не треба да биде дефинирано на кој начин ќе се доделуваат, дали е додефинирано од Брисел како би се овие средства, има програма во Предлог-законот за агенциите, но сепак овде нема ништо спомнато. Забележав дека и тука имам една сугестија.

Што се однесува до Стратегијата, прописите, сето тоа што треба да се одвива околу развитокот на земјоделието и на руралноит развој, треба да се формира совет за земјоделство и рурален развој. Овој совет, како што гледаме во Предлогот на законот е составен од 11 членови, со мандат од 5

години, со финансирање од Буџетот на Република Македонија.

Советот за земјоделство и рурален развој, со 11 членови, би потенцирал дека повеќе треба во овој совет да имаме луѓе кои би биле од руралните средини. Така размислувам за соодносот: еден член од стопанските комори и образовните институции, од каде што имаме по три, од таму би исфрлил еден, односни би зел два, тоа се два вишок членови и би ги додал во членови кои доаѓаат од ЗЕЛС, а пред се од руралните средини. Тие се луѓе кои ќе надгледлдуваат, ќе контролираат национални програми, предложени прописи, меѓународни договори итн.

Финансирањето на мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој се врши од Буџетот на Република Македонија.

Членот 13, корисниците на средства, во ставот 2 се вели, за процентот, дека мерките на рурален развој може да ги користи и друго физичко лице кое врши стопанска дејност со живеалиште во руралните подрачја. Би сугерирал средствата што треба да се прелеат во руралните средини, да бидат строго контролирани од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Република Македонија. Да не дојде до малверзации, односно префрлување на средствата во други средини. Би требало да бидат упатени и строго контролирани да дојдат во малите општини, ретко населените, недостапните, неразвиените.

Со Предлогот на законот, во некои членови гледам, се однесуваат на контролирање на цените, односно член за утврдување на цените кај одделни земјоделски производи, дадено е дека цените можат да бидат како целна цена што фактички се сака да се постигне за одредени земјоделски производи, базна цена, односно тоа е интервенциска цена, што е основ за воведување основна мерка на пазарната ценовна политика во земјоделието и минимална цена што купувачот треба да ја плати на земјоделскиот производител.

Ова е добро напишано, уредено и предвидено. Се прашувам дали сето ќе профункционира. Често зборувам за земјоделието и сите овие законски одредби што ги донесуваме, но сум скептик што, неколку пати кажав и пак ќе повторам, се уште не сме толку развиени и дојдени до таа фаза да можеме овие закони после 2, 3, 4, 5 месеци, па дури скептик сум дека ќе можеме и после една година да го примениме, бидејќи навистина има закони и подзаконски акти по европски стандарди, а знаеме колку сме далеку од Европа.

Според мое толкување за определување на цените, нека ме исправи министерот ако грешам, чисто од искуство, тоа е враќање во минатото, што не беше лошо. Сепак ќе спомнам дека не беше лошо, кога некаде пред 25-30 години имало гарантирани цени на одредени земјоделски производи, односно земјоделските производи да добиваат одредена цена за одредени денови. За еден земјоделски производ 2-3 дена се определува цената иста, преку конзорциум на производители, така што цената не можеше никој ниту да ја намали, ниту да ја зголеми. Се купуваше по тие цени. Имаше некоја сигурност што сега, во нешто видоизменета состојба се предвидува целна цена што треба да се постигне, базна цена и минимална цена што треба да се гарантира.

Господине министер гарантирам дека земјоделците ќе бидат, целна цена е нешто друго, тоа тешко се постигнува, но барем да се гарантира една минимална цена за земјоделските производи, верувам дека земјоделците ќе бидат задоволни. Тие велат дека не е битно дали 10 дена ќе има цена од 30 денара за одреден земјоделски производ или ќе имаме 5 денари после 10 дена. Тие велат нека биде и 10 денари, но да знаеме од почеток до крај дека ќе бидат тие цени.

Директните плаќања по хектар и по грло, на еден начин веќе го имаме. Имаме и нов Закон кој доаѓа околу регистрација на грла. Тука нема ништо спорно.

Повторно забележувам за интервенциски цени, интервенциски мерки, со што на еден начин се поклопуваат или стимулираат земјоделците во случај на лош пазар, односно лоши цени во одреден временски период. Се вели дека ќе има интервенциско купување и продажба, помош за складирање и повлекување од пазарот.

На крајот вели дека мерките од ставот 2, помош за складирање, на овој член и начин на нивно спроведување ги пропишува Владата на предлог на министерот. Тоа се однесува за складирањето.

Сепак би сугерирал, иако можеби знам дека тоа нема да се прифати, бидејќи овој закон е во прва фаза, може понатаму, во втората фаза да интервенираме амандмански, бидејќи не е само проблем помошта во складирање. Во струмичкиот регион, во предходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ имавме кога одредени земјоделски производи не одеа на пазарот, па тие понудија складишта, фрижидери за складирање на земјоделските производи. Колку се сеќавам тоа се однесуваше за компирот. Но, од тоа немаше никаков ефект. Не е само да се складира, односно нуди помош за складирање, туку да се интервенира во купувањето и продажбата, односно субвенционира во одреден момент, со повлекување од пазарот, а тоа да се надокнади.

Понатаму, има доста да се дискутира, но бидејќи нема баш и многу заинтересирани, пред малку спомнав дека пратениците се многу заинтересирани за овој Предлог-закон, но во моментов нема баш многу, па затоа набрзина ќе поминам и ќе кажам нешто, само околу членот 35, за рурален развој каде се вели дека подобрувањето и другите мерки да се насочат кон подобрување на управувањето на единиците на локалната самоуправа, и како следи членот. Тука би потенцирал и би се задржал да развојот и туризмот во руралните подрачја да не биде како што е овде предвидено, да падне на товар на локалната самоуправа. Мое мислење е, да не

биде целосно, туку 50:50 државата и локалната самоуправа. Барем развојот на туризмот во руралните подрачја да биде вака.

Бидејќи овде во оваа сала дискутиравме многу за локалната самоуправа, зборувавме многу за финансирањето во локалната самоуправа, тоа го кажавме и тогаш, за да локалната самоуправа финансира во туризам селски, во руралните подрачја, тоа тешко се случува, бидејќи во сите општини има недостиг на средства. Без помош од државата во финансирањето, тешко некоја општина, од помалите општини да се определи за развивање на овој туризам, односно целосно финансирање. Мојата забелешка е дека би требало да учествува државата барем со 50% од буџетски средства во вкупните средства, според тоа што ќе биде проектот.

Околу дополнителната дејност што е спомнато овде, Главата 5, почнувајќи од тука, не би имал нешто посебно да кажам. Кога го читав текстот, видов дека не баш допрецизирано што е тоа како дополнителна дејност, кој ќе може тоа да го прави, кои критериуми треба да се исполнат итн, итн.

На пример, нафрелени се некои обични работи како име, презиме, матичен број  и т.н, тоа што оди со Правилник е спомнато, а некои други работи податоци за доход од земјоделска дејност и некои други критериуми што се побитни за дополнителната дејност овде не се спомнати.

Меѓународните стандарди во Поглавје 6 - Квалитетите и ознаките на земјоделските производи: за тоа е доста кажано, доста е опфатено, но министерот ме слуша и да кажам дека се што е овде пропишано, бидејки никаде не сретнав дека тоа е по некои строго пропишани европски критериуми или закони, а верувам дека се од таму, како што реков немам забелешка, но сепак предлогот е и тоа да се внесе во овој закон по европските критериуми и стандарди.

И на крајот не би сакал да должам. Минатиот пат зборувавме, имавме повеќе закони околу земјоделското земјиште, Агенцијата за финансирање на земјоделието и рурален развој, денес имаме друг закон. Во последните неколкунедели донесуваме повеќе Прелдог закони и јас ги испомешав работите околу што сум зборувал, но се сеќавам по еден од тие закони зборував околу исполнувањето на критериумите по одредени стандарди кои ги бара ЕУ. Овде на пример во членот 49 се вели дека за рационално искористување на земјоделските производи на квалитетна храна, земјоделската механизација и опрема мора да ги исполнуваат пропишаните технички услови. Слично е кажано како минатиот пат што треба да исполнува, односно инспекторатот треба да ги контролира земјоделците кои земаат земја под закуп со какви средства располагаат, дали ги одржуваат со користење на одредени хемиски средства и др., а ова е нешто слично со контрола на механизацијата, односно со каква механизација ќе ги обработуваат земјоделските површини, дали ќе ги косат пасиштата, а јас сум голем скептик и не верувам дека во скоро време ќе успеат овие стандарди

да се применуваат кај нас. Искрено да ви кажам министре, можеби не за месец или два, но после еден временски период, слично како кај нашите соседи како на пример во Бугарија каде што се користеа овие фондови, се формираа овие агенции за финансирање, донесоа закони за земјоделство и рурален развој, но според мене не се којзнае колку напред во однос на Република Македонија . Затоа, верувам дека ќе ги подржиме овие закони, што го носат знакот на Европската унија, од причина што ќе ни помогант за побрз влез во Европската унија, иако имаме доста забелешки на Прдлог законите. На законите што се во прва фаза ги изнесуваме нашите забелешки, на законите што се во втора фаза амандмански реагираме, а тоа го правиме во интерес на Република Македонија, во интерес на сите земјоделци во Република Македонија за користење на овие претпристапни фондови за развој на земјоделството во Република

Македонија. Затоа, ќе го пдоржиме овој Предлог на закон кој е во прва фаза, бидејки тоа е еден плус за Македонија, еден плус за руралниот развој на Република Македонија , еден плус за земјоделците кои работат во земјоделството, кои се занимаваат со земјоделство во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор министерот за земјоделство.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам потпретседателе. На самиот почетокт за исцрпната подршка што ја даде  претеникот Ацо Киров. Овде се работи за еден огромен и обемен закон кој ги поставува контурите на земјоделството во Македонија и ако се знае дека од овој закон произлегуваат 150 до 200 подзаконски акти и правилници каде што се доуредуваат буквално сите членови во овој закон, од таму се согледува и големината и важноста на овој закон. Во овој закон се дадени рокови и насоки и ако се знае дека овој закон е целосно усогласен со Европската унија, треба да се истакне дека овој закон не само што е усогласен со Европската унија, туку комплетно целата “а ки комунитаре” е прилагодена и имплементирана со овој закон, ако се знае дека со овој закон се уредуваат сите битни новини кои треба да се имплементираат во земјоделието, почнувајки од цените кои на овој начин законски имаме можност да можат да се контролираат, едноставно го искористуваме она право што го има во  самата Европска унија каде што имаме неколку начини на креирање на ценовната политика, интервенциските мерки кои фактички ги пропушува Владата во членот 47, во членот 17, фактички се дава можност Владата под одредени услови да може да интервенира при одреден диспаритет на цените.

Она што псоебно беше истакнато беше околу пасиштата, затоа што не се спомнати во значењето на поимите. Прво, член 2 само ги

дефинира поимите, а второ, пасиштата се уредени со посебен закон, а рибарството е уредено со посебен Закон за рибарство и аква култура, каде што точно е прецизирана и првата фаза од тој закон помина.

Она што беше истакнато во членот 5 дека Стратегијата е на 10 години-да, тоа е препораката на Европската унија каде што мораме да имаме долгогодишна стратегија која ќе ги насочи правците за развој на нашето земјоделие, која треба да биде соодветно постигната, целите на таа стратегија треба да бидат соодветно постигнати преку ИПАРД планот. ИПАРД планот фактички е основата за трошењето на средствата од претпристапните фондови и средствата од самата Европска унија. ИПАРД планот и она што претходно го разговаравме, односно Законот што помина на Собранието на Република Македонија, Законот за Агенција за плаќање во земјоделието, тоа се двете основи за акредитација која треба да се добие од Европска унија и после добивањето на таа акредитација, на ИПАРД планот кој се базира на стратегијата и платежната агенција, фактички можеме да ги користиме тие средства. Мониторирањето на користењето на тие средства, она што го спомнавте и вие од членот 13, тие се строго контролирани не само од Владата на Република Македонија,не само од Министерството, туку тие се под посебен мониторинг на Европска унија, каде што покрај редовните контроли има и вонредни контроли и ако не се применува акредитираниот ИПАРД план и начинот на трошење на тие средства, следуваат огромни казни за земјата која не го имплементирала, не го почитувала ИПАРД планот.

Она што посебно би сакал да го истакнам е дека во овој закон се предвидува заради јавност и транспарентност во работењето на самото Министерство и самиот министер, фактички формирање на еден совет, некои го викаат и агросовет и национален совет каде што точно се прецизирани претставниците кои влегуваат во тој совет, со тоа што тука се водело сметка да бидат застапени сите тие засегнати страни од развојот на земјодлието. Имаме три членови од здруженијата од областа на земјоделието, три члена од стопанските комори, 3 члена од научно-образовните институции, еден член од Здружениеот на потрошувачи и еден член од единиците на локална самоуправа. На овој начин сакаме да воспоставиме една пракса на транспарентнсот во работењето на самото Министерство и на трошењето на вкупните средства од Европска унија.

На крајот уште еднаш би ви искажал благодарност за сите сугестии и предлози за подобрување на овој закон кој,уште еднаш ќе истакнам, е еден од најзначајните закони во земјоделието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам за објаснувањето, почитуван министер.

Три минути реплика за пратеник Ацо Киров, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Јас гоислушав излагањето на министерот и сакам да кажам дека ние сме дискутирале за другите предлог закони што се однесуваат на земјоделието, Законот за Агенцијата за финансирање на земјоделието и за рурален развој  и познато е дека овие средства ќе бидат строго контролирани веројатно под посебен мониторинг на Европска унија. Во Агенцијата за фианнсирање на земјоделието и руралниот развој има средства и од Буџетот на Република Македонија, јас мислам дека има. Тие средства ќе бидат контролирани од внатре, тука нема да има удел Европска унија. Затоа ние зборуваме и многу пати во мојата дискусија го кажувам тоа дека тука се сомневаме околу контролата, околу доделувањето, стандардите на исполнување , сега општо зборувам за земјоделието и за давање на земја под закуп и за добивање средства за развивање на земјоделието, за руралниот развој. Секогаш кога зборувам јас и колегите од мојата партија иамме сомневање дека средствата нема да одат на право место,односно ќе дојде до злоупотреба на овие средства. Сега не зборувам ако вие сте на власт, вие тоа ќе го работите, но сега вие тоа ќе го работите, а во друго време можеби друг ќе го работи. Владата има премногу надлежности. Тие формираат, тие разрешуваат. Сакам да кажам за тоа.

На крајот би сакал да кажам околу Советот за земјоделие и рурален развој, гледам дека тука има претставници од повеќе сфери, односно 11 членови, 3 плус 3 од областа на земјоделието, стопанските комори, научно образовние институции и т.н., но во моето претходно обраќање кажав дека е добро што има претставници од повеќе сфери,  но моето укажување беше дека не би било лошо односно треба да се земе предвид да бидат застапени повеќе членови од единиците на локална самоуправа, пред се од руралните општини. Овде иамме само еден член. Мое миселње е дека од локалната самоуправа треба да има барем 3 члена, а од стопанските комори и образовните институции да намалиме барем по еден член.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарма господине потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, овој Предлог на закон е во прва фаза и според мое мислење како продолжение на голем број закони кои треба да поминат во Собранието на Република Македонија во облста на земјоделието што сметам дека е во ред и што ќе биде еденод приоритетните елементи за економскиот развој на Република Македонија и за унапредување на економската и социјалната позиција на граѓаните на Република Македонија. Пред се е во ред затоа што се

обидува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство овој закон да биде во согласнсот со законските регулативи на Европска унија за една поголема безбедност, стабилно и квалитетно производство, за квалитетни придонеси и за еден опстоен развој на руралните средини.

Анализирајќи гоовој предложен закон како прва фаз, мислам дека е многу добро што е прва фаза и сугестиите и нашите забелешки мислам дека ќе бидат во ред, ќе бидат како помошен дел за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за нивно имплементирање во вториот дел, во втората фаза кога ќе биде подготвен законот.

Општо гледано во однос на предложениот закон и јас ќе се согласам со тоа дека од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се вели дека ќе се регулира сето тоа со подзаконски акти и голем број на членови во овој предложен закон. Затоа што овој предложен закон навистиан е општ или поинаку кажано најголем број на членови не се детализирани до крај или добро дефинирани. Од друга страна, забележувам, затоа ќе се придружам на колегата Киров во корелација на тоа дека секој член на овој закон предвидува од нормативен и правен аспект, секоја одлука што треба да се донесе, како основа ја има централната власт односно Владата.

Секогаш сме се обидувале од аспект на девцентрализација на центрлната власт и посебно локалната власт да биде што поблиску со граѓаните, со жителите, бидејки станува збор за земјоделието, земоделците да бидат поблиску во однос на општините, односно да бидат поблиску до локалнат власт. Сигурно самата општина, самиот градоначалник ќе ги знае многу поблискусите оние сугестии и жалби од земјоделците, отколку сето тоа да се направи во еден центар како што е Советот за земјоделски и рурален развој формиран од страна на Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Како и да е, до колку мислите дека е најдобро така да се нарпави, резултатите ќе се видат подоцна.

Во однос на опстојниот развој на рурралните средини, мислам дека како концепт и идеа е добар, но треба да се дефинира концептот за еден таков развој. Ние добро знаеме и често пати во моите дискусии ви дадов на знаење, но и на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и сите оние кои нависитна се занимаваа тсо оваа проблематика дека руралниот развој и земјоделскиот развој дали го имаме во цела Република Македонија како еден ист таков развој, затоа што до колку помине законот во втората фаза, што можеби е императив на време, како ќе се регулира ова прашање во пракса и на терен кога ние знаеме дека има населени места и земјоделско земјиште во кое во последните 30 години воопшто не се инвестирало во тие средини од минимален аспект, а да не зборуваме да биде во согласност со овој закон за еден рамноправен земјоделски рурален развој во цела Република Македонија.

Концептот за рамноправен земјоделски рурален развој во Република Македонија, ние сме сведоци дека навистина не е така како што се вели и како што се елаборира во овој закон и подоцна во нормативните акти.

Јас ќе дадам неколку забелешки, сугестии што се однесува на овој закон члнови и ќе ги елаборирам. Навистина секој по малку според член 15 се вели: одредување на цена, точка 3 од овој член, купувачот треба да ја даде минималната цена, да ја определи минималната цена. Се поставува прашањето како може на пример, купувачот да определи минимална цена и како ќе се регулира оваа проблематика по ова прашање, бидејќи се знае во минатото земјоделците обично во наводници, беа навистина спротивставени на централната власт во понудата на цените од страна на Министерството за земјоделие, мислејќи од нивниот аспект, од нивен агол, дека вредноста на тој производ чини многу повеќе отколку што е понудена цената.

Членот 15, околу определување на цената тој мислам дека е општ, но немаме дефинрано или не може сега да се дефинира на добар начин, но како и да е треба да се има некоја определба во проценти кој колку може, државата или купувачот да понуди всушност, реална цена во однос на земјоделскиот производ.

Член 17, интервенциони мерки. Мислам дека се добри чекори за да се превземат мерки, но што е идентично со член 15 недостасува реална дефиниција на овие мерки. Тука немаме приближна определба колку државата ќе може да ги плати земјоделските производи на земјоделците во процент колку има можности или колку е силна државата финансиски да интервенира доколку имаме иста бланса меѓу понудата и побарувачката односно доколку имаме голем увоз однадвор на иста земјоделска култура која што се произведува во нашата земја која доаѓа можеби со многу пониска цена отколку реалната цена во Република Македонија. Моето прашање е тука и мојот коментар е како ќе се регулира ова прашање во иднина, можеби во втората фаза можеби со подзаконски акти, но каков и да е земјоделецот ако има волја и ќе се согласи или државата мисли дека има дисбаланс во земјоделското производство, дали ќе биде 40 - 50% од реалната цена, тогаш земјоделецот или произведувачот ќе реши дали ќе се занимава со таа професија или не.

Член 19. Ограничувачки мерки за производство.

Во однос на количество и производствени квоти треба да се предвиди тајминг. На пример, земјоделецот за идната сезонска година во однос на земјоделско производство доколку има информации дека една производствена земјоделска култура треба да се произведе во одредено количесто, колку што ќе испланира Советот на Министерството за земјоделие и стои

земјоделците да не произведуваат повеќе бидејќи државата нема да има одговорност кон нив. И ова е едно проблематично прашање кое што во овој член не е предвидено, можеби во другите членови што не сум ги видел добро, еве регулирано е, но како да е земјоделците треба навреме да ги информираат за земјоделската политика на Министерството и на Владата, но исто така и на Советот за земјоделски и рурален развој. Но исто така, кога станува збор во член 19 за огрничувачки мерки за производство треба да се знаат и да се определат, се разбира и кои земјоделски култури треба да бидат опфатени.

Член 20. Мерки за спречување на дебалансирање на пазарот. Овој член идентичен со интервенувачки мерки во член 17 вели: доколку дојде до дисбалансирање со увоз или извоз, непланиран увоз или извоз, на каков начин и со која методологија може да донесе соодветни мерки за тоа што како што спомнав претходно често пати е злоупотребено и интервенирано со финансиски мерки или купувачки само со симболични цени.

Член 21. Депозити.

Мислам дека е еден многу значаен елемент со што го обврзува земјоделецот да ги исполни спогодбите или спогодбата, но се сомневам дека тие што нема да можат да депонираат финансиски средства, доколку добро го разбирам член 21, но имаат волја да ја остварат политиката на земјоделското производство, мислам дека ќе биде голема грешка во однос на нив, во однос на оние кои сериозно се занимаваат со земјоделско производство или со земјоделски развој и ќе бидат на некој начин нерамноправни со своите конкуренти кои ќе имаат финансиски можности да дадат депозит.

Член 25. Региони со ограничени можности за земјоделска дејност. Добро би било во член 25 да се дефинира реченицата ограничени можности на земјоделска дејност, особено реченицата како што се вели неповолни услови. Ова е многу широк дијапазон можеби за манипулирања на мислења и идеи што подразбираме секој од свој агол на гледање се разбира и земјоделецот од своја страна ограничени услови во земјоделски дејности каде е целта, главната цел на оваа реченица кои се тие ограничени можности и неповолни услови.

Член 28, став 2 се забранува искоренување на автохтони култури и искоренување на автохтони раси на добиток.

Мислам дека Република Македонија и земјоделието во Република Македонија до сега имаме еден многу поширок дијапазон на богатства, на разни земјоделски култури во Република Македонија, но и на добиток во Република Македонија. Но, тука не гледам во член 28 се дефинирани за кои земјоделски култури станува збор, или за кои автохтони раси на добиток станува збор. Навистина утре да не дојде до манипулирање или злоупотреба на член 28 или на некои закони или пак можеби поинаку ќе биде редоследот во завршниот во втората фаза и од страна на државата, но и од страна на самите земјоделци.

Во член 29, мерки за зголемување на вработување што мислам е еден навистина добар чекор, конкретен чекор во правец на надминување на невработеноста особено во руралните средини и ридскопланинските средини, но мое мислење е дека добро е да се нагласи иако е спомнато во другите точки во разни форми, но би било добро да имаме нова точка, точка 4 во овој член да се нагласи за ангажирање на семејства кои се социјални случаи. Така да се регулира од страна на Министерството за земјоделие како ќе биде подобро да се прочита да гласи, мислам дека социјалните случаи како атрибут и како именување е добро да стои тука барем во земјоделието да имаат предност, отколку што ги имаме во другите сектори во секојдневното економско живеење во Република Македонија.

И на крај член 41, 42 и 43 каде станува збор за декларација. Знаци за географско потекло, за потекло и за прифаќање на знаци, одредени знаци. Бидејќи имаме регулирани норми што се однесува до употреба на јазикот македонски како прв јазик, но би било добро бидејќи во Македонија имаме потрошувачи и надвор од Македонија на албанска етничка припадност, но исто така имаме и многу тесни односи на размена на стоки особено во извоз на земјоделски производи на Косово, можеби во Албанија во иднина, би било добро овие декларации, овие упатства во односно на потеклото да бидат, да се предвидат во овој закон исто така да бидат напишани на албански јазик. Мислам дека никој нема да биде против да се употребат други јазици само заради тоа производството или пак земјоделскиот производ од нашите земјоделци да биде навистина подобар, поквалитетен. Тоа се моите забелешки ви благодарам многу.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Има реплика од три минути пратеник господин Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре,

Би му реплицирал на колегата Сафет Незири во еден сегмент, а тоа е неговата забелешка за преголемото влијание на централната власт за која што забелешка ја дадоа повеќе пратеници од СДСМ.

Прво, според Законот за локалната самоуправа таа нема никакви ингеренции во земјоделството. Од друга страна во оваа ситуација, без една целосна законска регулатива во аграрот, земјоделството кое повеќе или помалку ни се наоѓа во една хаотична состојба и претставува еден дополнителен терет на локалната самоуправа и мислам дека локалните самоуправи во овој степен се уште не се подготвени да го прифатат земјоделието и проблематиката која што го следи. Во овој период мислам дека еден

таков трансфер би бил погубен и за локалните самоуправи, а уште повеќе за земјоделието кое би го вратиле во уште поголеми хаотични води и уште повеќе би го одалечиле од стандардите на Европската унија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контрареплика за пратеник господин Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Мислам дека мене ми е јасно дека навистина не е регулирано локалната власт да има ингеренции во однос на земјоделското земјиште, но би требало да се најдат форми, модуси од централната власт можеби со дополнителни закони или со подзаконски акти со што ќе се регулираат и општините и нашиот граѓанин сакале ние или не се во близина и гравитираат пред се до локалната власт, а потоа доаѓаат до централната власт. Јас не знам дали е во ред од правен аспект да се регулира прашањето бидејќи да се создадат некои пониски совети на локално ниво со цел да комуницираат со центрелниот совет и потоа да разменуваат мислења итн, во однос на интересот на граѓанинот.

**Иван Анастасовски:** За расправа има збор господин пратеник Гермитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Излегов на говорница само да искажам едно почитување и свест за значењето на овој закон за Република Македонија. Жал ми е, што во ваков амбиент поведуваме расправа, бидејќи по мене ова е клучен закон за иднината на развојот на Република Македонија кој како сфаќа, кој колку сфаќа. Жал ми е, што во оваа прва фаза пратениците не смогнаа сила да отворат дебата, жал ми е што има навистина причини да се каже многу за овој закон. Жал ни е, бидејќи и другите законски акти кои што се наредни за дебата основа им е овој закон. И навистина некогаш знаеме да претеруваме на цел глас од политички и од разни причини дебатираме како сме сите загрижени за Република Македонија за нејзиниот развој, а всушност ноторна вистина е еден обичен човек да го сретнете ќе каже земјоделието е нашата сегашност, земјоделието е нашата иднина. И сега кога доаѓаме до прилика да направиме еден исчекор позитивен затајуваме. За збор се јавив, само навистина сакам министерот да ме сфати добронамерно прашање на вкусови, но сфатете го ова од аспект на едно искуство на човек кој што работел на оваа проблематика. Не, на земјоделието на структура на закони. За мене структурата на законот и исклучително лошо направена. Значи, нема да навлегувам во содржината на законските акти, но јас би сакал добронамерно да сфатите сугестиите што сега ќе ги дадам да ги размислите можеме и да дебатираме по однос на нив. Имено, значи носечки столб на овој закон е националната стратегија за развој на земјоделието и руралниот развој и таа е дефинирана во членот 4. Моето клучно прашање, што ќе содржи таа нациоанална стратегија. Во членот 3 наведувате и се повикувате на нив цели на земјоделската политика и политиката на руралниот развој. Стои тоа, но оние декларативни наведувања во тој член 3 се премногу општи и се разбира, дека се содржани и во самиот текст на законот. Се разбира дека се цели на законот, но по мене фали. Значи во членот 4, за Националната програма да добие поголема тежина, да биде наведено кои основни постулати ќе ги содржи таа.

Понатаму, збунувачки е за мене, зошто Националната стратегија сега содржи две клучни национални програми. Значи, таа важи за период од 10 години, а националните програми се за по 5 години. И двата програмски документа ги носи Собранието на Република Македонија.

Прашањето е, значи претпоставка е дека прво спорам, дали треба да стои Национална програма. Дали воопшто е потребно да стои Национална програма. Јас подразбирам дека со тоа ја определувате динамиката на имплементација на Националната стратегија. Но, ако погледнете примероци на национални стратегии од различни области, ќе видите дека грото од нив содржат анекс со одреден акционен план, или динамика на имплементација на одредени одредби од Национална стратегија.

Разбирливо е, кога веќе сте се определиле дека треба да има Национална програма, дека треба да трае 5 години, бидејќи можат да се променат околностите, значи, две национални програми за земјоделие и за рурален развој од по пет години, претпоставка е дека во најдобри услови, Националната стратегија ќе има такви 4 национални програми, во тој 10 годишен период. Не мора да значи, но тоа е теоретски.

Во таа Национална програма декларативно во членот 5 ви се наведени кои содржини ќе ги има и мојата забелешка е слична како на Националната програма.

Ако сте се определиле да постои Национална програма, тогаш проширете го содржинскиот дел. Нека стои во законот, да биде појасно, пообмислено и уште повеќе, значи, ќе се вратам повторно на тоа бидејќи сега структурално колку што успеав да направам некое “дрво” на меѓусебно поврзување на актите. Сега националните програми ќе бидат поддржани со акти кои што треба Владата да ги донесе во рок од една година, ми се чини во преодните и завршните одредби.

Кои акти? Јас разбирам дека тие се во силна корелација со овие европски директиви кои се содржани во овие табеларни прегледи. Ама, табеларниов преглед нема да биде дел на содржината на законот, тоа може да биде само појаснување и на усогласување на актите. По мене треба прецизно да наведете кои акти и лесно ќе биде тоа, бидејќи се во европските директиви, кои акти и што тие акти ќе уредуваат како подзаконски акти. Или уште повеќе, треба да се усогласите правно дали акти или подзаконски прописи, затоа што некаде имате подзаконски

прописи, некаде акти. Треба терминолошки тоа да се усогласи за да има конзистентност законот.

Ако веќе толку акти се носат, прашање е на избор дали тие да бидат содржани во делот на националните програми или да бидат посебни? Јас не можев да разберам, ако се краткорочни во период од една или две години тогаш е логично да постојат во посебен член и да ги нарекувате акти кои што Владата ќе ги носи како краткорочни цели или министерот како подзаконски акти. Но, ако сте ги предвиделе за подолг временски период четиригодишни, петгодишни, тогаш е логично да се постави прашањето зошто не се содржат во националните програми како составен дел, поготово што многу лесно е да ги детерминирате сега. Имате европски директивни, европски, кои што исто така имаат одредена динамика имплементација за Европската унија.

По мене, слично како претходните говорници, дискутабилно е ако Националната стратегија и Националната програма ги носи Собранието на Република Македонија а издвојувате подзаконските акти да ги носи Владата во кои што клучни одредби се дефинираат, значи видови мерки за уредување на пазарите на земјоделските производи, начин и постапки за воведување, спроведување и контрола на спроведување на мерките, корисници и начин на користење на правата од мерки. Мириса на политизација.

Можеби нема да биде така, ама секаде каде што Собранието нема да има увид во имплементација на законските решенија односно средствата кои што ќе доаѓаат од ИПА пристапните фондови во имплементација значи едни извори за имплементација на овие законски решенија, отвора сомневање за можна политизација по однос на клучни прашања за спроведување на политика.

Видете сега. Дефинирано е во Уставот, Собранието е законодавен дом кој што определува закони, а Владата е извршен орган која што реализира нешто кое што Собранието донесло. Се сложувам дека овде е тенка линијата и прашање е од која страна го читате тоа и како го толкувате политички, но отвора можност за сомневање во можна политизација на тие процеси при определување на одредени стратегии за одредени подрачја. Некои да бидат фаворизирани, а други подрачја да не бидат фаворизирани од политички цели. Значи, сега можеби имаме среќа што локалните избори се 2009 година. Но, во изминатиот период секоја година имавме некои избори. Тоа е добра прилика политичката партија или коалиција која што е на власт да ги користи сите инструменти кои што се на располагање засилување на тие мерки, одоброволување на населението или не. Но ајде, не е толку важно, поважно е, за мене останува прашањето овие акти за колкав временски период се определуваат. Ако се за краткорочен, можам тоа да го прифатам како дефинирано во законот. Но ако се за четиригодишен или петтогодишен, за мене е поприфатливо решение да бидат составен дел на националните програми или вкупно на целата Национална стратегија.

И, уште, сосема кратко, последното прашање, зошто е предвидено од 1 јануари 2008 година да стартува овој закон? Чувствувате ли неподготвеност како Министерство? Ова не е политичко прашање. Едноставно сакаме сите да успее овој процес. Дали имаме недоволно човечки ресурси во самото Министерство за земјоделие, за имплементација на овие законски акти за да можеме да пристапиме кон тие фондови? Ова намерно го прашувам, бидејќи сум запознат дека при последниот владин состав, претходен, на правење на напори од Секторот за евроинтеграции за распределување на нови свежи сили во Министерството за земјоделство беа испратени околу 20-тина млади кадри кои ги поминаа сите филтри. Имавме една Програма за вработување на стоте најдобри студенти, имаше конкурси неколку пати за конкурирање на работни место во Секторот за евроинтеграции, апликанти со исклучително високи резултати во областа на студирањето, со добри сиви итн. Што стана со тие луѓе? Дали тие луѓе се вклучени во подготовка на теренот за имплементација на законот и пристап кон ИПА фондовите? Дали постои простор да се скрати тој рок, можеби од есен да започне имплементацијата на овој закон? Бидејќи е ова прва фаза, колку брзо очекувате да се сработи втората фаза? Дали веднаш ќе реагирате, во рок од 60 дена, моментот е незгоден, идат летните одмори.

Но, мојата сугестија е, доколку не се чувствува подготвеност од човечки ресурси да се одговори, подобро е полека да се подготви законот до септември, па потоа да се пристапи кон негово изгласување, да се консултираат релевантни научни институции, поединци кои имаат што да кажат во овој дел, за да може што поприкладно да се пристапи кон исклучително важниот сегмент, клучен за идниот развој на Република Македонија.

Моиве сугестии беа добронамерно. Прашање на вкус е да се чита дали структурата некому се допаѓа или не, но од она што сум имал можност од други национални стратегии да гледам, да компарирам, пристапот, овој пристап е позастапен што претходно го кажав. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрам.

Три минути реплика министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарност до пратеници кои даваат свој придонес во подобрување на законов. На почетокот една посебна благодарност за почетокот на дискусијата, каде се даде тежина на овој закон, бидејќи ова е еден од најважните закони во земјоделието.

Она што беше став при изработка на законот, затоа што вакви закони се изработени во сите земји уште пред да влезат во Европската унија и пред да ги користат европските фондови, носечки столб да, е стратегијата и таа стратегија може, пред да се дефинира, многу опширно во самиот закон и самите членови на овој закон можат да се

дефинираат многу опширно. Или, може да се пристапи како ние што пристапивме, на дефинирање основни контури, а другите подзаконски акти, краткорочни програми што ќе ги носи Владата, краткорочни акти, долгорочни акти, предвидено е тие да се изработат согласно со примената на овој закон.

ИПА фондовите, фактички не се поврзани со овој закон, нивното користење. Тие се поврзани со ИПАРД планот, со ИПАРД агенцијата, така што законов претставува рамка каде што ќе ја вклопиме вкупната трансформација на нашето земјоделие.

На крајот, околу имплементација на овој закон, зошто од 1.01.2008 година, затоа што за жал, овој закон требало да биде донесен многу порано. Треба да се направи подготовка на сите подзаконски акти, подготовка на самите земјоделци, подготовка на општата ситуација во земјоделието за да можат да се применуваат овие мерки. Верувајте, има многу, многу новини.

Што се однесува до вработувањето на тие 20 луѓе кои, не знам зошто претходно не беа вработени, тие се вработени, се дел од платежната Агенција.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Господин министер,

Јас сепак сметам дека треба да размислите во наредниов период, заради поголемата тежина на законот, заради поголемата сериозност на покривање на областа, да размислите оние членови кои се однесуваат на Националната програма, на Националната стратегија, да бидат попрецизно и поопсежно дефинирани, во кои што навистина, за оној кој прв пат го отвора законот, прецизно да се види што всушност овој закон уредува, колкава е сериозноста што ја покрива тоа подрачје, бидејќи многу често самите запаѓаме во една замка кога работиме нешто, велиме дека тоа се подразбира. Но не и за оној кој не бил запознат со таа проблематика.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, дами и господа пратеници,

Пред нас е уште еден Предлог на закон со што вршиме усогласување на нашето законодавство со она на Европската унија.

Во областа на земјоделието имаме околу дваесетина закони и повеќе од 150 подзаконски акти што се во процес на хармонизација со законодавството на Европската унија. Меѓутоа, до сега немаме закон за земјоделство и рурален развој, со што, во основа би се регулирале сите есенцијални прашања што се однесуваат на планирањето, на политиката и мерките, финансирањето на секторот, работата на институциите и слично.

Отсуството на еден ваков закон, што би рекол е устав за земјоделието, има за последица непланско производство и проблеми во пазарот на земјоделските и прехрамбените производи.

Затоа, заради целосно регулирање на областа на земјоделието и руралниот развој во Република Македонија, како и негово усогласување со директивите и регулативите на Европската унија, се налага потребата за донесување на еден ваков закон.

Донесувањето на овој закон е уште еден доказ дека Министерството за земјоделство и Владата се одлучни во средувањето на хаотичната ситуација што ја наследивме во земјоделието.

Конечно, се создаваат услови и македонскиот земјоделец достојно да живее од својата работа. За жал, долгогодишната негрижа за македонскиот аграр, немањето законски регулативи во изминатиот период, не се донесе скоро ниту еден правилник од областа на земјоделието, малите субвенции, недозволиво малите субвенции во земјоделието, немање слух за потребите на земјоделците и сточарите резултираше со мала продуктивност, недоволен квалитет на производите, состојба што од година во година се влошуваше.

Поради слабата опременост и примена на застарени технологии, нашето фармерско и земјоделско производство се карактеризира со ниска продуктивност што влијае нашите производи да се ниско конкурентни на европскиот пазар.

Преработувачките капацитети за земјоделски производи се карактеризираат, исто така, со ниска продуктивност. Преработените земјоделски производи не ги задоволуваат стандардите на Европската унија и во поглед на квалитет и во поглед на квантитет, а со тоа се помалку се конкурентни на европскиот пазар.

Затоа, целта на земјишната политика и политиката на рурален развој е обезбедување на стабилно производство, на квалитетна и поефтина храна, обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделците, одржлив развој на руралните подрачја и оптимално искористување на природните ресурси.

За спроведување на овие цели со овој закон предвидено е донесување на национална стратегија и национални програми за развој на земјоделството.

За финансирање на мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој предвидени се финансиски средства, пред се од Буџетот на Република Македонија, потоа повеќе донации, а наскоро се надевам дека за оваа цел ќе почнеме да ги користиме и претпристапните фондови на Европската унија.

Исплатата на овие сресва ќе се врши преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој за што пред

извесно време донесовме законска регулатива, а се надевам дека наскоро ќе профункционира.

Би сакал да истакнам дека овие средства ги користат сите правни и физички лица кои вршат земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи или услуги во земјоделието.

Исто така, со овој Предлог на закон детално се уредени мерките што се насочени кон остварувањето на целите на овој закон.

Од предвидените мерки што навистина сите се битни и што во најголем дел за прв пат се предвидуваат, овде би ја истакнал забраната за искоренување на автохтони сорти на земјоделски култури како и истребување на автохтони раси на добиток.

Со долгогодишна негрижа, бројни раси на автохтон добиток, иако примитивни, беа истребени или се пред истребување. Тука би ја истакнал ситуацијата со биволите, бушата, праменката, а на добар пат сме во Македонија да исчезнат и повеќе видови на живина. Затоа сега се предвидува министерот да определи мерки за нивно зачувување и обезбедување задолжителни генетски резерви.

За прв пат е пропишан минимален квалитет на одделни земјоделски производи, начинот на нивното производство, содржината и дозволените адитиви. Означување и именување на производите, исто така, а уредени се и земјоделски производи со повисок квалитет, што исто така ќе бидат означени.

Сите земјоделски производи што се пуштаат во промет, мора да бидат пропратени со соодветна декларација. Ќе може да се стекне, оствари и заштити потеклото и географската ознака на земјоделските производи, а дефинирани се и земјоделски производи со грантирана традиционална посебност.

Мислам дека ова е доста важно, бидејќи претставува голема шанса на странските пазари да промовираме македонски брендови, македонски земјоделски производи што конечно ќе имаат стандардизиран квалитет и признато и познато потекло и што ќе ги задоволуваат и стандардите на Европската унија во поглед на квалитет и квантитет.

Затоа, донесувањето на овој закон, како најзначаен правен акт во земјоделството претставува и појдовна основа за спроведување на реформите.

Меѓутоа, овде би истакнал исто така дека е доста битно за да се спроведе и имплементира овој закон, треба да се донесат околу 200 подзаконски акти, без кои не може да профункционира овој закон. Треба да се изработат бројни студии, но да се спроведат, би рекол и темелни реформи во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што за жал веќе година и пол доцниме со спроведувањето на овие реформи.

За сите овие активности потребни се големи финансиски средства. Мислам дека тука ќе биде најголемиот проблем. Но, сепак се надевам дека ќе имаме многу поголема државна поддршка во земјоделието за создавање јак аграр и богат земјоделец.

Со зголемената поддршка ќе можеме да се надеваме и дека после тоа ќе добиеме адекватна финансиска поддршка и од фондовите на Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

На почетокот од моето излагање сакам да ја посочам сериозноста на законскиот предлог што го имаме пред нас и на значајноста на темата која што ја дискутираме, заради тоа што во Република Македонија околу 400 илјади луѓе на директен или индиректен начин се занимаваат со земјоделие и обезбедуваат целосна или парцијална егзистенција точно со своите активности во земјоделскиот сектор. Од тука како одговорни пратеници и посебно како одговорна Влада ценам дека треба значајно место во спроведувањето на нашите политики да посветуваме токму на сегментот на развој на земјоделието. Не би сакал да се повторат во Република Македонија минатите 4 години во кои, покрај тоа што немаше донесено ниту еден закон ниту подзаконски акт, е направен огромен хаос во многу сегменти во земјоделието во Република Македонија и мислам дека сите заедно сме свесни какви беа за граѓаните што се занимаваат со земјоделска дејност.

Би сакал да потенцирам дека проблематиката опфатена во овој Предлог за донесување на закон до сега делумно била опфатена во одредени законски и подзаконски акти, меѓутоа, поставувањето на еден ваков закон, за кој што и мојот претходен колега кажа дека ќе претставува мал устав за земјоделието во Република Македонија, ќе значи систематизиран приод, ќе значи целосна опфатеност на најзначајните сегменти од земјоделието во еден законски акт. Во Собранието на Република Македонија во минатиот период во прва фаза поминаа и други закони, а посебно би сакал да го потенцирам Законот за земјоделско земјиште кој што исто така ќе значи голема реформа и воспоставување конечно на ред во сегментот на земјоделието. Зато аи овој закон како таков го сваќам како воспоставување на ред во земјоделието. Нашата држава, за жал веројатно последна од сите поранешни југословенски републики свати што значи земјоделието за економскиот развој на државата. Веројатно би било добро во нашите дискусии постарите колеги пратеници да се потсетат уште за време на Југославија какви мерки тогашната СР Словенија преземаше во поглед на развојот на земјоделието, што значеа на среден рок после 10-15 години тие мерки преземени во тогашната СР Словенија. Јас сметам дека овој закон на среден рок треба да ги

даде истите односно слични ефекти во развој на земјоделието и во поставувањето на земјоделието како реална економска дисциплина во Република Македонија. Значи конечно земјоделието од социјалната димензија да го префрлиме во економската димензија. За жал, во Република Македонија сеуште земјоделието се перцепира како гранка во која се задоволуваат социјалните пробелми на групацијата со најниски примања. Сметам дека со текот на времето ние не смееме да дозволиме тоа да биде правило и сметам дека меѓународнит искуства говорат за сосема спротивни примери и единствено нешто што треба да направиме е да ги спроведеме тие меѓународни искуства. Не сме ни први, не сме ни најпаметни, треба да бидеме практични и да ги сработиме овие обврски кои стојат пред нас.

Во досегашниот период во Република Македонија имаше апсолутно неорганизиран пристап од страна на Владата спрема земјоделието, зборувам за изминатите 4 години, кои претставуваа катастрофа за земјоделското производство во Република Македонија, имаше, ако воопшто ја имаше, дифузна политика која не посочуваше на одреден концепт, не посочуваше на одредена насока и во таквата ситуација најголемите губитници беа апсолутно земјоделците кои дифузно размислуваа што е добро да одгледуваат како е добро да одгледуваат, дали е воопшто добро да се занимават со земјоделие, па имаше обиди за одгледување на одредени растителни видови, на одредена стока што несоодветствува со макеоднскиот пазар и т.н. Отсуството на планскиот пристап значеше производство на житните култури на пример на места каде што апсолутно многу поефикасно би било производство на раноградинарство или на места каде што не може да успее раноградинарство се произведуваше раноградинарство и т.н. Целиот тој сегмент беше апсолутно дифузен и беше на штета на граѓаните на Република Македонија. Исто така треба да потенцираме дека во минатите 4 години беа драстично намалени субвенциите за подршка на земјоделието, за да последната година од владеењето на СДСМ дојдеме до една смешна бројка од 6 милиони евра за субвенции во земјоделието, со ребалансот на Буџетот во месец ноември Владата ги зголеми драстично, а со Буџетот за 2007 година има предвидено зголемувања за повеќе од 4 пати за субвенции во земјоделието. Сето тоа резултираше со непочитување на трудот на земјоделецот, неможност да биде исплатлив трудот на земјоделецот и т.н. Други проблеми кои што беа појавувани се: немањето на пазарен пристап, односно конечно да погледнеме дека земјоделието треба да биде економска дејност во Македонија, а не социјална дејност и т.н. Има и други проблеми кои се протегнуваат години и години во Македонија, парцијализацијата на парцелите, посебно во делот на она што претставува семејно наследство, односно во приватната сопственост во Република Македонија имаме катастрофална ситуација. Неретко може да има случаи во одделни атари на села еден сопственик, една фамилија или едно семејство да има 4, 5, 6 хектари земја, меѓутоа, така псотавена и дифузно распоредена што не може апсолутно да биде искористена за ефикасно производство во земјоделието, така што сметам дека Министерството треба да размисли во наредниот период кога ќе помине проблематиката со овој закон во сегментот на спроведување на законот за земјоделско земјиште да размисли за дополнителни напори од страна на државата за окрупнување на земјоделското земјиште во Република Македонија. Исто така проблем кој јас лично сметам дека пости во Република Македонија е недостаток од долгогодишни насади и култури кои постоеа веројатно до 90-тите години, меѓутоа, благодарение на мафијашката и криминална приватизација и растурање на земјоделските комбинати во Република Македонија сето тоа отиде во неповрат и сметам дека преку програмите кои излегоа од Министерството пред месец, два, има добра шанса да се подржи подигнување на долгогодишни насади и култури во Република Македонија кои за земјоделците ќе значат многу подоходовни гранки од она што ние сме научени главно на производство на едногодишни култури. Узурпацијата и лошата подлеба на државното земјоделско земјиште е една тема за која можеме да дискутираме веројатно и саат, два, она што ни се случи во минатите 4 години е апсолутна трагедија, земјоделско земјиште добија луѓе кои никогаш не се занимавале со земјоделие, што можеби во некоја мерка не мора да значи, меѓутоа, сето тоа одеше на толку криминален начин што на крај луѓето на кои што им требаше навистина земјоделско земјиште не можеа да го добијат. Сметам дека пристапот на Владата во кој што сегментарно ќе има дел на она што претставува задоволување на социјалните потреби и задоволување на потребите на луѓето во својот атар, на селото каде што живеат ќе претставува гаранција дека државата не го заборава оној најнизок слој на земјоделци во Република Македонија и во делот на она што неколку пати го спомнав, вториот сегмент, значи земјоделието треба да почнеме да го гледаме и со економска логика. Во секој случај, таквиот двоен пристап што го има сега Министерството, значи задоволување на социјалните потреби и егзистенцијални потреби на луѓето, меѓутоа, и задоволување на она што треба да претставува поставување на стандарди за наше побрзо приближување до Европската унија во делот на земјоделието претставува одличен модел кој што јас верувам дека ќе даде многу добри резултати во наредниот период во Република Македонија. Исто така, узурпацијата која што се случува на земјоделското земјиште во Република Македонија Министерството мора да посвети големо внимание. Јас ги имам податоците, знам колку договори се раскинати, знам дека државните инспектори се постојано на терен, ја сондираат состојбата, знам дека луѓето не се прибрани во своите канцеларии заради тоа што и јас сум бил

еден од тие пратеници кои надвор од оваа собраниска сала во секој момент се залагале за средување на оваа состојба.

Би го замолил министерот во тој дел посебно да се посвети значајно внимание. Исто така, би го замолил министерот да се проверат сите огласи за доделување на земјоделско земјиште не само од 2006 година, туку и неколку години пред 2006 година, затоа што моите впечатоци се дека се направени огромни узурпации на земјоделското земјиште. Македонија има доволно земјоделско земјиште да се задоволат реалните потреби прво на делот на луѓето кои го бараат земјоделското земјиште од егзистенцијални причини, второ, на луѓето кои што го бараат од економски односно бизнис причини, што апсолутно реков не е штетно во Република Македонија.

Пред да посочам некои моменти на делот на законот, би сакал да го поздравам Министерството за она што до сега го има направено во поглед на земјоделската политика. Би сакал апсолутно да потенцирам дека можеби токму ова Министерство се занимава со најтешките пробелми во Република Македонија, меѓутоа, тоа треба да претставува дополнителен стимул на тимот кој што сега го раководи Министерството за решавање наовие проблеми. Би сакал да ги потенцирам проблемите со Шведската млекара која што по сите очеквуања ќе реши огромен дел од проблемите со производството на млеко во Република Македонија. Веќе видовме на телевизиските канали дека во август месец таа Шведска млекара ќе почне да склучува договори за откуп на млекото. Се надеваме дека конкуренцијата во овој дел од производството ќе значи некакво зголемување на цената на млеко, меѓутоа, во овој случај на пазарна основа. Значи она што треба да претставува здрав разум на земјоделието, носењето на Агрокор како странски инвеститор во Република Македонија е примено од страна на земјоделците со огромно задовослтво. Самиот факт дека после неколку дена од почеток на извоз од страна на Агрокор од Република Македонија на овошје и зеленчук се појави покачување на цената на земјоделските производи на македонските пазари претставува сигурна гаранција дека станува збор за стратешки партнер кој што го избрала Владата, кој што ќе донесе голем напредок во земјоделието во поглед на загарантиран откуп, во поглед на конкуренција на откупот, во поглед на цените кои ќе ги постигнуваат одредени земјоделски култури и т.н. Исто така и во делот на секундарното производство, односно преработката на земјоделските производи, ние многу пати сме дискутирале дека Македонија постепено треба од земја произведувач на примарна суровина во земјоделието да прерасне во земја која ќе произведува финални продукти.

Исто така, би сакал да го поздравам започнувањето на изградбата на браната Злетовица, која ќе значи поттик покрај во делот на задоволување на потребите на граѓаните за вода за пиење, ќе значи и гаранција за наводнување на големи површини во Источна Македонија, посебно во делот на Овче Полието и во делот на Штипската котлина. Исто така би сакал да го поздравам и приврשувањето веќе конечно долгоочекувано, вековно, децениско на изградбата на браната Лисиче во велешкиот атар, која што исто така ќе има двојна намена за задовлување на потребите за вода за пиење за граѓаните на градот Велес, меѓутоа, исто така и за задоволување на потребите за наводнување на Велешката котлина со неопходната вода. Тука посебно граѓаните на населба Чашка односно општина Чашка ќе можат да ги осетат ефектите од започнување на полнење конечно на браната Лисиче. Исто така, во делот на чистењетона каналите во Република Македонија беа постигнати добри резултати, даночната политика која што Владата ја поставува посебно во делот на намалување на ДДВ за земјоделските репроматеријали. Исто така, намалувањето на персоналниот данок и на данокот на добивка ќе значи многу за овие земјоделски стопанства кои ги предвидувате во законот,зголемвуањето на субвенциите за 4 пати за оваа година, псотавувањето на неколку програми кои ќе значат субвенционирање на подигнување на долгогодишни насади во земјоделието. Исто така, заслужува внимание, заслужува пофалба формирањето на АД за промоција и продажба на земјоделски производи во соработка со Соли-груп од Израел, веројатно ќе има исто толкаво значење какво што ќе има и Агрокор во Република Македонија . Повторно ќе се вратиме на тоа дека конкуренцијата ќе си го направи најздравиот развој на земјоделието. Само заради запознавање на граѓаните да кажам дека Владата склучи договор со оваа позната меѓународна фирма, да се формира заедничко акционерско друштво кое што ќе се занимава со откупување и продажба на земјоделските производи. Оваа фирма работи на пазарите во Холандија, Франција, Белгија, во скоро сите земји од Источна Европа, САД, Ирак, Казахстан, Турција, Египет, Индија, Јордан, Тајланд, Мексико и т.н. Значи станува збор за многу сериозен проект кој што Владата очекуваме да го истера до крај.

На крајот, она што сакам да го споменам во насока да дадам стимул Министерството да работи уште повеќе е дисконтниот кредитен фонд за развој на земјоделството, кој што во наредниот месец веројатно ќе биде веќе ослободен за користење, почетната сума е 13,3 милиони евра и после зголемвување за 4 пати на субвенциите во земјоделието и намалување на ДДВ за земјоделските репроматеријали можеби претставува трета значајна мерка од страна на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство и Владата на Република Македонија во дирккетна подршка и покажување што значи реална и практична работа со земјоделието во Република Македонија. На крајот од овој мој дел на излагањето би потенцирал дека Министерството се судира со најтешките проблеми, веројатано наследи и најтешка

состојба, поради тоа што во изминатите 4 години практичнокако и да не постоеше Министерство за земјоделство, земјаки го предвид мојот сограѓанин како прв министер, којшто апсолутно не покажа никакви резултати и продолжувајки со вториот министер кој што исто така не покажа никакви резултати, тие 4 години претставуваат промашување во земјоделието. Меѓутоа, сметам дека таквата ситуација не треба да направи раководниот тим кој што сега го раководи Министерството за земјоделство да се чувствува во деградирана сосотјба, напротив треба да покаже дополнителни напори да ги среди состојбите, за што јас мислам дека првичните резултати наскоро ќе се видат во практика директно кај луѓето, односно граѓаните на Република Македонија.

Во делот на законот би сакал да прокоментирам одреден дел на членови и да дадам мои ставови и размислувања. Во делот на вклучување на Собранието на Република Македонија во процесот на донесување на Националната стратегија за развој на земјоделието и руралниот развој сметам дека е одличен потег од страна на предлагачот наовој закон поради тоа што земјоделието рековме дека е една од најзначајните економски и стопански гранки во Република Македонија и со оглед на затекнатата состојба хаосна во која го затекнавме земјоделието сметам дека треба да му се даде дополнителна тежина, а токму на таков начин ќе дадеме дополнителна тежина. Се надевам дека првата Нациоанлна програма за развој на земјоделието и првата Национална програма за рурален развој ќе ги видиме веројатно на почетокот на 2008 година и многу попрактично и попрецизно ќе дискутираме за начините на развој и руралниот развој на земјоделието. Ова гарантира транспарентност на постапката, ова гарантира вклученост на многу субјекти во постапката што апсолутно ќе оди во корист на сите. Донесувањето на законот од пред неколку недели за формриање Агенција за фианнсиска подршка во земјоделието и руралниот развој исто така ќе има ефект поради тоа што ќе биде транспарентен начинот на поделба на финансиските средства до земјоделците, ќе бидат централизирани и ќе знаат точно луѓето каде да се обратат, каде да побараат стручен совет, каде да добијат упатства и каде да ги бараат своите права. Во делот на советот за земјоделство и рурален развој во членот 10, во делот на составот на советот, предвидено е да има три члена од здруженијата од областа на земјоделството 3 члена од стопанските комори, 3 члена од научни и образовни институции и еден член од Здружението на потрошувачи и еден член од единиците на локалната самоуправа.

Јас би сакал да предложам нешто за кое што мислам дека ќе најдеме разбирање, а е во делот на Советот да се вклучат и тројца членови пратеници во Собранието на Република Македонија претставници на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство при Собранието на Република Македонија. Тоа можеби не е досегашна пракса на одредени други сегменти од функционирање на извршната власт, меѓутоа во делот на посветување на посебно внимание на развојот на земјоделието и руралниот развој сметам дека би била и добра вклученоста и на Собранието во сите овие процеси. Со оглед дека националните стратегии и на земјоделие и за рурален развој ќе се донесуваат од страна на Собранието сметам дека е добро. Значи во континуитет тројца наши претставници веројатно адекватно според бројот на партиципилновста на политичките партии во Собранието да ја следат постојано целокупната проблематика во делот на развојот на земјоделието и руралниот развој. Значајно е тоа што во членот 13 сте ги дефинирале кои се корисници на средствата, на финансиската подршка. Значи, нема да може трговски друштва, или угостителски друштва, кои што случајно се занимавале во одредена година, или искористиле одредени дупки во законот, да се бараат на користење средства од фондовите на државата и меѓународните фондови, а ќе може точно земјоделците да ги добијат средствата предвидени во Буџетот. Да не се разливаат тие средства по други места.

Членот 15, исто така заслужува посебно внимание во утврдувањата што значи целна цена, што значи базна цена и што значи минимална цена.

Тука Министерството за финансии, Владата на Република Македонија и Собранието, преку оваа Национална стратегија има посебен удел во заштита на она што претставува основни права на земјоделците во Република Македонија, интервенциските мерки и мерките за поттикнување на продажбата и потрошувачката, дури и мерките за ограничување на производството, ќе претставуваат ефикасни методи како да се дојде во Република Македонија, веројатно на среден рок, до она планско производство за кое што на сите ни се полни устите кога дискутираме за оваа проблематика, меѓутоа никој не се нашол храбар да го спроведе во реалноста. Овие се мерки кои што ќе значат мерки за спречување на нарушување на пазарот итн, кои што ќе значат голем исчекор во таа насока.

Јас имав прилика пред некој ден, луѓе директно засегнати со земјоделието во Република Македонија прокоментираа во делот на непланското производство и во делот на поделба на субвенциите. Им беше кажано, греота е државата да субвенционира производство на пченица и на јачмен во струмичката котлина, а во исто време да стимулира производство на ран зеленчук во делови на Македонија каде што нема услови за тоа.

Сметам дека овие мерки ќе бидат искористени, ефикасно да се искористи квалитетот на земјата, педолошкиот состав, климатските услови. Значи, да не ни се случи во струмичката котлина некој да насади пченица, што би било штета, а за истата таа пченица да побара субвенции од државата.

Едноставно, да им се укаже на луѓето дека таа земјоделска површина во струмичката котлина претставува неспоредливо богатство со ниту еден друг регион во Република Македонија, евентуално со Полошкиот регион во државата. Опфаќањето на руралниот развој, како малку поспецифичен сегмент во законот, исто така е многу добро што сте го вклопиле во еден закон. Едно со друго веројатно не може да оди.

Шестиот дел, квалитет и ознаки на земјоделски производи, исто така е дел кој што долги години се дискутира, на сите ни се полни устите дека треба географско потекло, квалитетни производи. Јас ќе спомнам пример дека инвеститорите од “Агрокор” од Хрватска пред неколку дена кажаа дека Македонија произведува квалитетни производи, меѓутоа, не доволно квалитетна амбалажа, калибрација итн.

Значи, она што претставува секундарна димензија во земјоделието, гледано од економски аспект ќе претставува можеби позначајна мерка. Дефинирањето на формите на здружување, евентуално понатамошно дефинирање на оние механички прстени, искористување на механизацијата во целосна рамка, советодавните услуги, јавните услуги, кои што се предвидени во овој закон, земјоделскиот информативен систем. Да не одземам повеќе време се обидувам да ги спомнам сите делови кои што за мене оставиле впечаток, а апсолутно, заслужуваат внимание и заслужуваат подршка од Собранието на Република Македонија.

Јас малку би се задржал на делот на овластувањата на Државниот инспекторат за земјоделие. Не би ги читал сега, иако сметам дека би било добро да се презентираат пред граѓаните и мерките кои што може Државниот инспекторат за земјоделство да ги преземе, меѓутоа, би го искористил авторитетот на функцијата пратеник би ја искористил можноста јавно да влијаам на процесите во Република Македонија, да го замолам министерот да посвети посебно внимание во наредниот период на функционалноста на Државниот инспекторат на земјоделие. Ќе повторам дека јас сум свесен дека луѓето работат деноноќно во тој Државен инспекторат за земјоделие во последниве 5-6 месеци, меѓутоа, треба да размислите на зголемување на капацитетите во Државниот инспекторат за земјоделие.

На крајот, за да не должам повеќе, јас би дал голема благодарност до Министерството за еден ваков опсежен закон. Би замолил, колку што е можно побрзо овој закон да дојде во втора фаза. Не сум сигурен дека ќе успееме во периодот пред летните одмори да го поминеме, меѓутоа, би било добро колку што може побрзо да се донесе овој закон и да се скратат оние рокови во преодните и во завршните одредби кои што сте ги предвиделе за моментот кога ќе почне да влезе во реализација овој закон од моментот кога ќе се формираат тие национални совети. Ви благодарам за вниманието и за времет.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас колега.

Бидејќи сме на крајот на работното време, овде ја прекинувам денешната работа. Продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,57 часот).